## In Memoriam

Жан Бодријар 1929-2007

На 78-годишна возраст, во Париз годинава почина францускиот филозоф и социолог Жан Бодријар, еден од највлијателните француски мислители.

Жан Бодријар е роден на 20 јули 1929 година во Ремс. Студира германистика на Сорбона, но ги продолжува студиите на Универзитетот Nanterre во Париз, каде што докторира со тезата „Системот на предметите", подоцна печатена како негова прва книга.

На почетокот од неговата универзитетска кариера, како асистент на Анри Лефевр (Henri Lefebvre) и под влијаније на Ролан Барт (Roland Barthes), Бодријар издава редица книги кои во себе носат критичка перспектива кон теми како што се системите на значење во секојдневниот живот. Пресврт во неговата мисла настанува со книгата *Симболичка размена и смрт*, во која ги денунцира позициите на марксистичката критика и се впушта во тестирање на хипотезата дека трудот повеќе не е централен фундамент во организацијата на општеството, туку тоа е продукцијата на знаците, комуникацијата, сликите.

Реалноста на новата стварност е симулацијата – нов поредок на систематска продуктивност на настани, дејства, акции, но лишени од битието на супстанционалноста. Таа нова стварност - хиперреалноста е онтолошка состојба на симулакрумот, каде што имаганираното нема на што да му се противстави.

## In Memoriam

Jean Baudrillard 1929-2007

The French philosopher and sociologist Jean Baudrillard, one of the most influential French thinkers died in Paris at the age of 78.

Jean Baudrillard was born on June 20$^{th}$, 1929 in Reimes. He studied German at the Sorbonne, but continued his studies at the University of Paris – Nanterre, where he completed his Ph.D. thesis "The System of Objects," published later on in his first book.

At the start of his university career, as Henri Lefebvre's assistant and under the influence of Roland Barthes, Baudrillard published a number of books that hold a critical perspective on issues such as systems of meaning in everyday life. A change in his thought occurs with the book *Symbolic Exchange and Death* with which he denunciates the positions of Marxist critique and devotes himself to the testing of a labour hypothesis that labour is no longer the central fundament in social organisation, but that the production of signs, communication, images is.

The reality of the new actuality is the Simulation – a new regime of systematic productivity of events, acts, actions, but deprived of the essence of substantionality. This new actuality – Hyper-reality is an ontological situation of the Simulacra where the imaginary has nothing it can oppose itself to. As Baudrillard puts it: imagine a truth

Како што пишува Бодријар: замислете вистина која би ја апсорбирала целата енергија на лагата. Ете тоа е светот на животот како симулакрум.

Жан Бодријар во средината на 90-те беше во центарот на полемиката меѓу модернистите – постмодернистите и важеше за водечка фигура на постмодернистичката теорија. Беше критикуван како „управник на теориската празнина“ поради неговата наводно деполитизирана и некритичка позиција кон светските случувања. Дека таквите приговори беа неоправдани се покажа во 1991 година, кога предизвика контроверза со објавувањето на книгата *Заливскаша војна не се случи*, во која Заливската војна беше прикажана повеќе како медиумски настан отколку како „вистинска војна“. По десет години, во *Духош на Тероризмош: Реквием за Кулиѿе близначки*, настаните од 11 септември ги опиша, во духот на неговата „теориска фикција“, како последица на глобализацијата, симболизмот, технолошките мрежи.

Делото на Жан Бодријар, како еден од највлијателните и најконтроверзните мислители на нашето време, останува да биде предизвик во разбирањето на настаните од тековната светска култура, предизвикувајќи нè постојано да го преиспитуваме матриксот на случувањата и нашето место и статус во него.

Боби Бадаревски

that would absorb the whole energy of a lie. That is the world of life as Simulacra.

In the mid 90s, Jean Baudrillard was the centre of the polemic of the modernists – postmodernists and was considered a leading figure in post-modern theory. He was criticised with being “the manager of theoretical emptiness” due to his alleged depoliticised and non-critical position towards world events. In 1991 it was proved that such allegations were unjustified when he created a controversy with the publishing of the book *The Gulf War Did Not Take Place* in which the Gulf War was portrayed more as a media event that as a “real war.” 10 years later, in *The Spirit of Terrorism: A Requiem of the Twin Towers*, in the spirit of his new “theoretical fiction,” he described the events of 9/11 as a consequence of globalisation, symbolism of technological networks.

The work of Jean Baudrillard as one of the most influential and most controversial thinkers of our time remains to be a challenge in the understanding of the events of present world culture, challenging us to continuously rethink the Matrix of events and our place and status in it.

Bobi Badarevski
(Translated from Macedonian by Rodna Ruskovska)